**УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ – БИТОЛА**

**ФАКУЛТЕТ ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА И**

**МЕНАЏМЕНТ НА ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ**

# УПАТСТВО ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА НАУЧНИ ТРУДОВИ

***(ПРЕДЛОГ ВЕРЗИЈА)***

**Битола, септември 2011**

Научниот труд преставува самостојна работа на студентот чија цел е да даде допринос во збогатувањето на релевантната област од која ќе го работи трудот. Според тоа, е потребна добра методолошка поставеност на трудот и целосна услогласеност за соддветните правила, пристапи и принципи според кои треба да се придржуваат и студентите и менторите. Упатството е наменето за студентите од втор циклус на студии кои се во фаза на изработка на различни трудови на Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи- Битола. Целта на Упатството е да се постигне повисок степен на методолошка усогласеност и единственост во институционалниот пристап на секој студент. Исто така Упатството служи за полесно, постручно и услогласено водење на студентот низ процесот на научно истражувачката пракса.

## Структура на научниот труд

***Структурата на научниот труд претставува логичка рамка која кандидатот систематски го насочува во текот на пишувањето на научниот труд. водење. Во идејната скица редоследно се дадени чекорите кои треба да бидат опфатени и следени во текот на пишувањето. Истата се  состои од следните чекори:***

### ЧЕКОР 1:

### ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ: ПОТРЕБА ОД ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ;

**Проблем во истражувањето претставува** одредено прашање  во врска со некој чинител, појава или некој процес кој не мачи, а до одговор ни со учење, ни со студирање на релевантна литература не сме дошле, она што е утврдено како непознато односно она што не поттикнало или мотивирало да се впуштиме во сложена постапка и процес на научно истражување, како истото би се запознало и спознало. Изворите за идентификација на проблемот на истражување се наоѓа пред се во човечката пракса, научната литература и во историјата на датичната наука или научно подрачје, научна гранка. При поставувањето на проблемот на истражување треба задолжително да се запази конкретна и мерлива терминологија.

### ЧЕКОР 2:

### ПРАШАЊА НА КОИ СЕ БАРА ОДГОВОР ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО;

Откако ќе се идентификува проблемот се пристапува кон поставување на одредени прашања на кои истражувачот бара одговор во текот на истражувањето.

### ЧЕКОР 3:

### ПРЕДМЕТ, ЦЕЛИ, ЗАДАЧИ, ОЧЕКУВАЊА И ОПШТЕСТВЕНА КОРИСНОСТ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО;

Врз основа на поставените истражувачки прашања произлегува предметот на истражување што дава одговор на прашањето ШТО ќе се истражува. Предмет на истражување може да биде определена состојба, процес, аспект, концепција, проверка, верификација на резултати до кои дошле други истражувачи. Предметот ја одредува рамката

во која ќе се врши истражувањето. Истиот треба јасно конкретизиран, прецизно поставен и мерлив. Од предметот на истражување произлегуваат целите, задачите, очекувањата и општествената оправданост од истражувањето.

## ЧЕКОР 4:

## ОПИС НА МЕТОДИТЕ, ТЕХНИКИТЕ И ИСТРАЖУВАЧКИОТ ДИЗАЈН;

Овој чекор претпоставува опис на методите, техниките и инструментите на собирање на податоци во истражувањето кои се во согласност со предметот, целите и задачите на истражувањето. Потребно е да се наведе видот, потеклото на инструментот, што значи ако е преземен од друг истражувач се цитира изворот и да се наведе за кој е наменет. Описот на истражувачкиот дизајн опфаќа краток осврт на чекорите на истражување кои се составен дел на она што следува.

## ЧЕКОР 5:

## ТЕОРЕТСКО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ ВО ЛИТЕРАТУРАТА: МИНАТИ И СЕГАШНИ ИСКУСТВА НА ИСТИ ИЛИ СЛИЧНИ ИСТРАЖУВАЊА;

Пред да се навлезе во дефинирање и поставување на оригинална теорија и теоретски модел, потребно е да се анализираат, дискутираат и синтетизираат сите литературни извори од областа во која се истражува.

## ЧЕКОР 6:

## ПОСТАВУВАЊЕ НА ТЕОРИЈА: ДЕФИНИРАЊЕ НА ТЕОРЕТСКИ МОДЕЛ;

Како резултат на анализите и дискусиите се пристапува кон поставување на сопствен теоретски модел во кој ќе бидат опфатени причинско- последичните врски помеѓу појавите, настаните или чинителите кои се предмет на истражување. Моделот треба да биде дефиниран во простор и време.

## ЧЕКОР 7:

## АНАЛИЗА НА ВАРИЈАБЛИТЕ, ИНТЕРНИТЕ И ЕКСТЕРНИТЕ ПОВРЗАНОСТИ ВО МОДЕЛОТ;

Варијаблите претставуваат променливи во истражувањето. Во истражувањето треба да бидат опфатени два вида на варијабли и тоа: НЕЗАВИСНИ И ЗАВИСНИ ВАРИЈАБЛИ (Причини и последици). Се определуваат врз основа на хипотезите. Варијаблите се мерат преку индикатори (показатели).

## ЧЕКОР 8:

## ПОСТАВУВАЊЕ НА ОПШТИ И ПОСЕБНИ ХИПОТЕЗИ;

Хипотезите претставуваат претпоставки на истражувачот за причинско- последичните односи помеѓу независните и зависните варијабли. Хипотезите треба да бидат прецизно поставени во согласност со операционалната определба на предметот на истражување. Хипотезите треба да бидат практично проверливи преку фактите до кои ќе се дојде во истражувањето. Вообичаено се поставува хипотетска рамка која е составена од генерална (општа) хипотеза, посебни хипотези и поединечни хипотези.

**ЧЕКОР 9:**

**ПОПУЛАЦИЈА И ПРИМЕРОК ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО;**

Популацијата претставува вкупниот број на единици на анализа вклучени во истражувањето додека примерокот претставува извадок или точен број на единици на анализа во истражувањето. Примерокот може да биде целен, случаен, систематски или стратификуван, во зависност од поврзаностите во теоретскиот модел и неговата просторна и временска рамка на истражување.

**ЧЕКОР 10:**

**НУМЕРИЧКО КВАНТИФИЦИРАЊЕ И МЕРЕЊЕ НА ВАРИЈАБЛИТЕ ВО КОНЦЕПТИТЕ;**

Овој дел се однесува на претворање на квантифицирање односно назначување на бројни вредности на дадените варијабли во хипотезите. Со одредување на бројни вредности всушност се дава мерлива вредност на секоја од варијаблите во хипотезите.

**ЧЕКОР 11:**

**ТЕСТИРАЊЕ НА ХИПОТЕЗИТЕ т.е. ТЕОРЕТСКИОТ МОДЕЛ;**

Овој дел вклучува статистичка обработка на варијаблите во дадените хипотези преку користење на различни квалитативни и/или квантитативни анализи во зависност од предметот на истражување.

**ЧЕКОР 12:**

**РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО;**

Во овој дел е вклучена интерпретација на резултатите според хипотезите почнувајќи од поединечните кон посебните хипотези чиешто образложение е во функција на прифаќање или отфрлање на генералната хипотеза.

**ЧЕКОР 13:**

**ЗАКЛУЧОЦИ;**

Врз основа на резултатите се извлекуваат заклучни согледувања од истражувањето во однос на предметот, целта и задачите на истражувањето.

**ЧЕКОР 14:**

**ПРЕПОРАКИ ЗА ИСТИ ИЛИ СЛИЧНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО ИДНИНА;**

На крајот од истражувањето произлегуваат мо препораките за идни можни истражувања во која насока би можеле да се развиваат идни истражувања од релевантната област во која спаѓа истражувањето. Исто така во овој дел се наведуваат можностите и недостатоците на истражувањето.

**БИБЛИОГРАФИЈА**

**ПРИЛОЗИ КОН ИСТРАЖУВАЊЕТО**

**Технички правила за подготовка на научниот труд**

- Трудот треба да биде изработен во компјутерска техника, искуцан во Microsoft Word, во фонт Georgia/Times New Roman со македонска јазична поддршка, со големина на буквите 12 и проред 1,5 за основниот текст и големина на буквите 10 со проред 1 за текстот во фусноти; (види повеќе во продолжението од Упатството);
- Секоја страница треба да ги има следниве карактеристики средени со операцијата Page set up:
    - Маргини: Top и Bottom- 2,54: Left и Right- 2,54
    - Orientation: Portrait
    - Paper: A4- 210 по 297
    - Определување на краевите на еден ред од текстот со бирање на опцијата (Justify)
- Нумерирањето на страните е задожително за деловите од основниот текст на трудот и се изведува со операцијата Insert - Page Number, при што бројот на страната треба да е позициониран (position) во десниот (alignmentright) долен (bottom of page) агол од текстот. Некои страни (прва внатрешна страна, страна со посвета, страните за содржината, апстрактите, прилозите – некаде и страните за резимето, заклучоците, референците и прилозите), не треба да имаат број;
- Изгледот на насловната страница на трудот е задолжителен. (види Анекс 1 од Упатството).

**а) Насловна страница:**

- *Име на универзитетот*
- *Име на факулетот – место*
- *Име, средна буква и презиме на авторот (без титули)*
- *Наслов на трудот*
- *Поднаслов на трудот (доколку го има)*
- *Вид на трудот (пример магистерски труд)*
- *Место, година*

- Следните внатрешни страници по страницата за содржина содржат:

**а) Прва страница после насловната:**

- *М е н т о р Име и презиме*
  *Име на факултетот, место*
- *Членови на комисијата Име  и презиме*
  *Име на факултетот, место*

**б) Втора страница после насловната:**

- *Наслов на трудот*
- *Апстракт (најмногу од 200 до 250 зборови*
- *Клучни зборови (3,5 - најмногу 10)*

**в) Трета страница после насловната:**

- *Наслов на трудот на англиски јазик*
- *Апстракт на англиски јазик*
- *Клучни зборови на англиски јазик*

- Следна страна е страната за содржината на трудот. Во неа редоследно се наведуваат темите и подтемите на трудот со јасно обележани страни каде истите се наоѓаат. Истата се бележи со мали римски / арапски букви (види Анекс 2 од Упатството)
- Следи воведот во кој студентот непосредно не запознава со она што го пишува во трудот. Исто како и претходната и оваа страна се бележи со мали римски букви.
- Специфично за страните од основниот текст е тоа што во нив е детално разработена темата од истражувачиот проект;
- Основниот текст на научниот труд може да биде само теориска разработка на некоја од содржините изучувани во текот на студиите од страна на студентот, но може да биде и емпириско истражување. Од тие причини двата пристапи ќе се разликуваат по тоа што теориското истражување ќе ја има веќе елаборираната содржина, додека во емпирискиот проект ќе биде поместена методологијата на истражувањето и делот за анализа и интерпретација на податоците од истражувањето со заклучокот. Страниците од основниот текст се нумерираат со арапски броеви.
- Цитатите и повикувањето на други автори во текстот се прави на повеќе различни начини, а според избраниот систем. Со тоа што, насоките од избраниот систем – модел, принципиелно се употребува во целиот текст;
- Харвардскиот систем на референцирање е нашироко прифатен начин на повикување на туѓа работа. Постојат опширни правила за референцирање кои можат да се најдат на Интернет на следната адреса: http://www.library.dmu.ac.uk/Images/Selfstudy/Harvard.pdf. Тука се дадени основните правила за референцирање во самиот текст и во сочинувањето на библиографијата:
    - Доколку се повикувате на нечија статија или труд во рамките на текстот, индиректно со користење на свои зборови тогаш на крајот на текстот во заграда се става името на авторот и годината. Во текстот нема знаци за цитирање.
    
      Пример: In the course of adjustment, priceses recoreded drop due to the contraction of the economy (Pugh, 1997).
    - Доколку се повикувате на нечија статија или труд во рамките на текстот, но директно со користење на неговите зборови, помалку од три реда, тогаш тој дел од текстот се става во наводници, а на крајот на реченицата во заграда се става името на авторот, годината и страната.
    
      Пример:
        - Pugh (1997, p.13) suggested that “ drop of the prices was related to the fall in demand for services in that country”. Или,
        - Analysis showed that “ drop of the prices was related to the fall in demand for services in that country” (Pugh,1997, p. 13).
    - Доколку се цитира нечија мисла од книга или статија која е подолга од 3 реда тогаш истата се одделува во посебен параграф и се конвертира во Италик, без знаци за наводници. Авторот годината и страната можата да бидат наведени на почетокот на цитатот или на крајот.

Пример:
With regard to that issue it was stated:
*So far, the international economic consequences of the war in the Caucasus have been fairly minor, despite Georgia's role as a major corridor for oil shipments. But as I was reading the latest bad news, I found myself wondering whether this war is an omen — a sign that the second great age of globalization may share the fate of the first.(Krugman, 2011, p.14)*

- Цитирањето во текстот мора да ги запази следните правила**:**
  - Ако има еден автор. (Презиме на авторот, година, стр[1])
  - Ако има два автори: (Презиме на авторите одделени со запирка, година
  - стр[1].)
  - Ако има повеќе од три автори:(презиме на првиот автор et al., година, стр[1])
  - Повторено цитирање – се наведува само презимето на авторот, насловот на трудот и страницата, а ако непосредно во претходната фуснота било цитирано истото дело се користи терминот ibid и бројот на страницата;
  - Внесување забелешки во текстот:
    - За забелешки на крајот од страницата - во опцијата ""Insert" избирате "reference", потоа "footnote" по што автоматски впишаниот текст се внесува на крајот од страницата;
    - За забелешки на крајот од текстот - во опцијата ""Insert" избирате "reference", потоа "endnote" по што автоматски впишаниот текст се внесува на крајот од текстот;
- Стручни написи во списанија, зборници, монографии – презимето и името на авторот, годината, запирка пред насловот на написот, се додава „Во,, и се наведува името и презимето на уредникот на списанието, се додава „ед,, пред насловот на списанието во италик, видот на списанието, број – година, место на издавање, издавач.

  Пример:

  \- Лазароски, Ј. (1992) ,Рамковна скица за проучување на односот меѓуоднесувањето и структурата на личноста, Во: Никола Петров, ед. *Просветно дело бр 4 и 5,* Скопје, СПДРМ.

  \- Мишева – Спасовска, Л. (1992) ,Раководењето и личноста на раководните лица од работни организации од истоветна или различна стопанска дејност, Во: Милан Кочанковски, *Социјализација,* зборник, Битола, ДНУ, ДП.
- Меѓународни документи (договори, конвенции, препораки) – оригиналниот назив, организацијата што го изготвила, година на донесување,

  Пример:

  \- UNIDROIT Convention on International Factoring, UNIDROIT, 1988;

  \- Конвенција на Обединетите нации за договорите за меѓународната продажба на стоки (Виенска конвенција), UNCITRAL, 1980;
- Законски и подзаконски текстови – број на службен весник или службено гласило на државата што го донесла законот,

  Пример:

[1] Страната само доколку стриктно се наведуваат туѓите зборови)

- Закон за издавање на хартии од вредност, Службен весник на Република Македонија, бр. 5/99;

- Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и роковите за поднесување на извештаи за работењето на Берза, Службен весник на Република Македонија, бр.108/08;

- Користени веб страници.

  Пример:

  Gumucio - Dagron, A. (2001) "Is the Internet a Form of Electronic Apartheid?", Media Development 1:2001, Достапно на: http://www.wacc.org.uk/publications, Пристапено: [29.05.2002]

- Набројување во текстот:
  - При набројување во текстот може да се користат две алтернативи преку опцијата (Format- Bullets and Numberring)

    Пример за набројување со користење на знаци (bullets)

     град
     село
     улица

    Пример за набројување со реден број (numberring)

    1. град
    2. село
    3. улица

- Набројувањето со реден број се прави само доколку целта на авторот е да ги подреди по значење, ранг и др.
- Обележувањето на сликите, графиконите, табелите и формули се пожелен начин (метод) на прикажување на анализираните процеси, податоци и активности. Ако се користат во тезата, тие мора да бидат изведени компјутерски (преферирано во Excel, Visio, Corel, Math Equation);
- Сите начини на прикажување треба да бидат информативни и смислено вклучени во текстот, со повикување на истите во текстот. Методите на прикажување е недозволиво да „висат“ во текстот, т.е. да нема вовед, цел и објаснување на истите;
- За да може правилно да се крос - референцираат табелите, сликите, формулите и графиконите треба да бидат соодвено означени со соодветна етикета(label), број кој е поврзан со насловот на главата и наслов кој ја одразува суштината на методот.
  - Најчесто се поместени воп средината на текстот (Center text);
  - Пред секој употребен метод треба да има мал вовед со објаснување на целта;
  - Потоа по методот во текстот се објаснува резултатот од определениот начин на прикажување. Во случај графиконот, сликата, формулите да се сложени, можат да бидат пропратени со легенда во која се објаснуваат одделните елементи;
  - Треба да се користи еден востановен формат за изработка на начините на прикажување на податоците. Еднаш прифатениот начин на прикажување не треба да се менува.
- Изработка и референцирање на слики:

- Кога се објаснува сликата во воведот треба да се објасни што претставуваат нејзините одделните делови, цртежи во сликата, определените текови и динамика. По сликата се објаснува суштината на сликата. Сликата мора да се означи со соодветна етикета (види Слика), број кој е поврзан со насловот на главата и наслов кој ја одразува суштината на методот и да се определи извор на сликата.
- Пример:

**Слика бр. 3-2. Видови на регионални интеграции**




**Извор: Krugman, (2003). International Economics.**

- Изработка и референцирање на графикони:
  - Кога се внесува графикон пред графиконот мора да се наведе целта на графиконот, и опис на графиконот (што прикажува x и y – оската, која е мерната единица, дали податоците се во просек и.т.н.);
  - По графиконот се објаснуваат заклучоците во графиконот. Графиконот мора да се означи со соодветна етикета (Графикон), број кој е поврзан со насловот на главата и наслов кој ја одразува суштината на методот и да се определи извор на графиконот

Пример:

**Графикон бр. 3-2. Инвестиции во одделни земји**

**(мерено во индекс со индекс 1990=100)**




**Извор: World Trade Organization (2011). Податоци достапни на интернет:www.wto.org/hahgf24/ajkhsjbd.page last updated: October 2010. (последен влез на страната 01.2011)**

- Изработка и референцирање на табели:
  - Кога се внесува табела пред табелата мора да се наведе целта на табелата и опис на елементите на табелата (што прикажуваат редовите, што колоните а што ќе претствуваат податоците во опредена ќелија., која е мерната единица, дали податоците се во просек и.т.н.).
  - По табелата се објаснуваат заклучоците.
  - Табелата мора да се означи со соодветна етикета (Табела), број кој е поврзан со насловот на главата и наслов кој ја одразува суштината на методот и да се определи извор на табелата.

  Пример:

**Табела бр. 3-2. Стапка на сиромаштија во одделни земји (мерено во проценти од вкупното население)**

| **Земја** | **Стапка на сиромаштија** |
|---|---|
| **Македонија** | |
| **Србија** | |
| **Албанија** | |
| **Просек** | |

**Извор: Завод за статистика на РМ (2011).**

***Извештај за сиромаштијата во регионот.***

- Изработка и референцирање на формули:
  - Кога се внесува формула по формулата мора да се даде опис на елементите на формулата (што прикажуваат одделните оператори, што е операцијата;
  - По равенката добро е да се даде објаснување на формулата или интуитивно објаснување доколку е сложена.
  - Формулите мора да се означат со соодветна етикета (Формула), број кој е поврзан со насловот на главата и наслов кој ја одразува суштината на формулата и доколку е позајмена да се определи извор на формулата.

  Пример:

$$(x+a)^n = \sum_{k=0}^{n} \binom{n}{k} x^k a^{n-k}$$ **(Формула бр. 2-1)**

- Приложувањето на референците (Користената литература, Библиографијата) е задолжително и се прави по абецеда според првата буква од презимето, а онаму каде го нема презимето на авторот според насловот на изворот;
- Користените библиографски единици се наведуваат по следниов редослед: учебници и монографии, статии, меѓународни документи, законски и

подзаконски акти и веб страници, при што библиографските единици мора да бидат комбинирани (книги или монографии, статии и користени веб страници).

- Стилот и изгледот на Користена литература и Библиографија во Харвард системот се исти. Како што е спомнато погоре во Харвард системот и Користена литература и Библиографија се пишуват по абецеден ред во вид на листа на автори и нивните дела. Презимето на авторот секогаш доаѓа на прво место и по презимето се определува местото на листата. Единствена разлика меѓу нив е таа што во Користена литература се наведуваат исклучиво библиографски единици за изворите кои се употребени (цитирани, парафразирани или спомнати) во текстот, додека во ставот Библиографија освен библиографски единици за изворите кои се употребени (цитирани, парафразирани или спомнати) во текстот, може да се наведат и дела кои биле консултирани, а не биле и директно спомнати во текстот.
- Изворите секогаш се наведуваат во оригинал т.е. ако е латиница - се наведува латиница, ако е со бугарско писмо - се наведува со бугарски симболи и тн. Уште покоректно е кога информациите за авторот се недостапни да се користи кратенката **„Anon„**

Пример: Користена литература (Библиографија)


1. Anon. (1984) *Veliki psiholozi o psihologii*, Nolit, Beograd;
2. Ignjatović, Đ. (2008) *Kriminologija*, Beograd: Pravni fakultet Univerziteta u Beogradu;
3. Boog B. (2001). Action research: Empowerment and Reflection: An Introduction, in *Action Research: Empowerment and Reflection (ed)*, Boog Ben, Coenen Harrie&Keune Lou, Dutch University Press;
4. Carr W. & Kemmis S. (2002*). Becomong Critiical: Education, Knowledge and Action Research*, London and New York: RoutledgeFalmer;
5. Cohen L.&Manion L. (1994). *Research methods in education*, 4th edition, London and New York: Routlege;
6. Collison J. (1998). Mentoring: Realising the True Potential of School-based ITE, in (Ed). *Primary Teacher Education: High Status? High Standards?*, Falmer Press;
7. Gumucio-Dagron, A. (2001) "Is the Internet a Form of Electronic Apartheid?", Media Development 1:2001, Достапно на: http://www.wacc.org.uk/publications/md/md2001-1/gumucio_dagron.html, Пристапено: [29.05.2002]
8. NUA (2002a) 'How Many Online?, Достапно на: http://www.nua.ie/surveys/how_many_online/index.html, Пристапено: [ 9.04.2002].
9. NUA (2002b) 'How Many Online? (Europe)', Достапно на: http://www.nua.ie/surveys/how_many_online/europe.html,Пристапено [ 9.04.2002].


- Постои и нумеричкиот некои го нарекуваат Чикашки стил, чии специфичностите се во тоа што се пишува прво име (без титули) презиме, две точки, наслов на делото, издавачка куќа, град,година на издавање.

Пример: Користена литература (Библиографија)

1. Yow, Valerie Raliegh. *Recording oral history: a guide for the humanities and social sciences.* Walnut Creek, CA: Alta Mira Press, 2005.
2. Note: Valerie Raliegh Yow. *Recording oral history: a guide for the humanities and social sciences* (Walnut Creek, CA: Alta Mira Press, 2005).
3. E. Francis, L. Hendricks, Instruction Office: rev. 8/29/05
4. Nydam, Ronald J. *Adoptees Come of Age:Living Within Two Families*. Louisville, KY: Westminster John Knox Press, 1999. http://www.netlibrary.com (accessed July 8, 2005).

- Прилозите, доколку ги има се поредуваат по следниот редослед: користен инструментариум, прикази на шеми и модели, аналитички листови со приказ на сирови податоци.
- Кандидатот може да користи податоци кои ги собрал лично преку анкети, истражување на терен и. т.н., или податоци кои се достапни и собрани од меѓународни инситуции, статистички заводи, истражувачки инситути и.т.н. Мора да се наведе изворот на податоците кои ќе се користат во тезата. Се преферира кандидатот да користи примарни податоци во изработката на тезата кои понатаму тој ќе ги синтетизира и анализира.

## **Дисциплинска одговорност за плагијаторство**

- Пренесувањето туѓ текст, односно пренесувањето авторско дело во каква било форма во сопствено име - плагијаторство, како и други форми на неовластеното користење туѓо авторско дело претставуваат тешка дисциплинска повреда.

- Во зависност од тежината на повредата, како и во зависност од постоењето на други олеснителни или отежнувачки околности, за утврдена дисциплинска повреда од претходниот став на кандидатот може да му биде изречена дисциплинска мерка: опомена, јавна опомена и забрана за изработка и одбрана на магистерскиот/докторскиот труд што е плагијат.

- При изработка на магистерски труд или докторска дисертација, кандидатот задолжително потпишува изјава за автентичност и авторство. (види Анекс 3 од Упатството)

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Климент Охридски “**
**Битола**
**Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи - Битола**

# НАСЛОВ НА НАУЧЕН ТРУД

**Кандидат:**

**Име, презиме и број на досие**

**Ментор:**

**Име и презиме**

**Битола**
**месец,**
**година**

**Анекс 2 - Страница за содржина на научниот труд**

## СОДРЖИНА НА НАУЧНИОТ ТРУД

Апстракт[2]
Abstract
Содржина[3]
Вовед
I. ТЕРОРЕТСКА ЕЛАБОРАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ
1.
 1.1.
 1.2.
2.
3.
II. АНАЛИТИЧКО- МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП
4. Формулација на проблемот на истражување
5. Предмет на истражување
 5.1. Операционално определување на предметот
 5.2. Појмовно- категоријален апарат
6. Цел на истражувањето
7. Задачи на истражувањето
8. Оправданост на истражувањето
9. Хипотетска рамка
 9.1. Генерална хипотеза
 9.2. Посебна хипотеза 1.
 9.2.1. Поединечна хипотеза 1.1.
10. Методи, постапки и инструменти во истражувањето
11. Популација и примерок во истражувањето
12. Обработка на податоците
III. ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ХИПОТЕТСКАТА РАМКА
13. Заклучни согледувања
14. Препораки за идни истражувања
Библиографија

---

[2] **Апстракт (на македонски јазик)** што претставува кратко резиме на содржината на целиот труд. Апстрактот треба да се состои помеѓу 200-250 зборови. На крајот од апстрактот да се наведат 3-5 клучни зборови. Апстрактот треба да биде преведен и на англиски јазик.

[3] **Содржината** претставува приказ на природна и логична организација и структура на научното дело и тоа јасно, прегледно и степенесто прикажување на поединечните делови со назнака на редниот број на страницата. Постојат два вида на пишување на содржината: Англосаксонски стил- кде содржината се наоѓа на почетокот на научниот труд и Европски стил каде содржината се наоѓа на крајот на трудот. Во текот на изработувањето на магистерскиот/докторскиот труд ќе се применува англосаксонскиот стил на содржина каде истата ќе се наоѓа на почетокот на трудот.

Прилози кон научниот труд

**Анекс 3 – Изјава за автентиност на научниот труд**

До
Референтот во службата за
студентски прашања за втор
циклус студии

**Предмет: Изјава**

Согласно одлуката на Наставничкиот совет на втор циклус студии на Факултетот за администрација и менаџмент на информациски системи- Битола бр.xxxxxxxx од xxxxxxx год. ја доставувам следнава

# И З Ј А В А

Под целосна морална и материјална одговорност изјавувам дека текстот во мојот труд, на тема ________________________________________________________,
е мој автентичен и самостоен труд и е резултат на моите сознанија направени во текот на истражувањето, како и на теоретските сознанија и практичните искуства од соодветната област и истиот, освен во деловите што се означени со фусноти, претставува исклучиво мој труд.

За секое неовластено користење на туѓ текст или труд или плагијаторство, согласен/на сум да ги сносам соодветните дисциплински, граѓански и кривични последици.

Битола,
xx.xx.20xx год.

Изјавил,

студент на втор циклус на студии
на студиската програма

со досие бр. _